**20230270448**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2023 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени во член 162 од Законот за животната средина, во износ од 232.000.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на јавен конкурс којштo го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе биде врз основа на дефинирани критериуми кои се земаат во предвид и критериумот за рамномерен регионален развој, согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија, утврдени во јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, со спроведување на постапка за јавна набавка.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 од оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 155.000.000,00 денари,
2. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари,
3. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 7.000.000,00 денари,
4. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на природата во Република Северна Македонија во износ од 5.000.000,00 денари,

5. Поддршка на мерки и активности за заштита на животната средина во Република Северна Македонија во износ од 15.000.000,00 денари,

6. Реализација на проекти и активности одобрени согласно програмите за инвестирање во животната средина за 2021 и 2022 година во износ од 40.000.000,00 денари и

7. Трошоци за спроведување на оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари.

V

(1) Средствата од дел II став 1 од оваа програма врз основа на поднесено и одобрено барање можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во Градот Скопје и Градот Скопје за намената од дел IV точка 1 од оваа програма и

2) Правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции за намените од дел IV точки 2 и 3 од оваа програма.

(2) Средствата од дел IV точки 4 и 5 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

(3) Средствата од дел IV точка 6 од оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од програмите за инвестирање во животната средина за 2021 и 2022 година.

(4) Средствата од дел IV точка 7 од оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште,

2) Закуп на постојни згради,

3) Трошоци направени пред 1 јануари 2023 година,

4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата,

5) Трошоци за подготовка на формуларот за аплицирање за добивање средства од оваа програма,

6) Општи и административни трошоци на апликантот,

7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци,

8) Законски обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-623/6
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.